Проект „**Зајакнување на управувањето со шумарскиот сектор**”

Проектот насловен „**Зајакнување на управувањето со шумарскиот сектор**” имаше за цел да обезбеди поддршка за реформите во шумарскиот сектор и усогласување со правото и политиките на Европската Унија.

Успешноста на овој проект беше голема. Со реализирање на истиот се :

- воспостави Интегриран шумски информативен систем, кој е целосно преземен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и поставен на владините сервери, што овозможува негово долгорочно функционирање;
- разви Методологија за Националната инвентура на шумите, интегрирана во Интегрираниот шумски информативен систем и подготвена за примена на национално ниво;
- изготви ревизија на Стратегијата за реформи во шумарскиот сектор, која претставува основа за долгорочната Стратегија за развој на шумарството за периодот 2026–2046, усогласена со стандардите на Европската Унија;
- изработи Нацрт-закон за шумите и придружни подзаконски акти, со што е создадена цврста правна основа за идните реформи;
- развија целни оперативни модели за модернизација на шумарскиот сектор;
- реализираша првата сертификација на шумите според меѓународната Програма за потврдување на сертификацијата на шумите, со сертифицирани 106.000 хектари државно управувани шуми, што претставува основа за понатамошно проширување на сертификацијата;
- изработија технички алатки, стандардни оперативни процедури, прирачници и програми за обука, а одржани се повеќе од 30 обуки и работилници за јакнење на институционалните капацитети.

Проектот значително ја зајакна институционалната подготвеност на Северна Македонија за исполнување на обврските во процесот на пристапување кон Европската Унија и придонесе кон целите на Европскиот зелен договор.

Воедно, се воспостави одржлива, применлива и практична рамка за модерно, транспарентно и одржливо управување со шумите во Северна Македонија, усогласена со националните приоритети и стандардите на Европската Унија.

Проектот беше финансиран од Европската унија – во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II – 2019) со вредност од 1.255.000€, со времетраење од 24 месеци, започнувајќи од 09 март 2023 година до 08 март 2025 година.

**THINK GREEN – KEEP IT ON THE SCREEN**

kartECO

particip
your partner in change

EU with YOU

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство